«V» «К бр.32/18»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ** како првостепен кривичен суд, преку судијата Оља Ристова, како судија поединец, со записничар Билјана Трајкова – судски работник, постапувајќи по обвинителниот предлог на ОЈО С. КО 4 бр.777/16 од 11.12.2017 година, против обвинетиот Дејан Јанковски од К.П., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од Кривичниот законик, по одржаната главна, јавна и усмена расправа, во присуство на ЈО од ОЈО Миле Арсениевски, обвинетиот Дејан Јанковски и бранителот на обвинетиот Влатко Стојанов адвокат од С., на ден 06.03.2018 година ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**
**-ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА-**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**ДЕЈАН ЈАНКОВСКИ** со ЕМБГ ..., од татко С., мајка Д., роден на ... година во С., живее во К.П. на ул.„...“ бр...., Македонец, државјани на РМ, писмен со завршено средно образование, невработен, неженет, неосудуван.

**В И Н О В Е Н Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На 19.06.2016 година, во 01,00 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, управувајќи ПМВ „Ф.С.“ ...., по левата сообраќајна лента од бул.„Илинден“ во насока од исток кон запад во С., не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сооообраќај така што го довел во опасност телото на луѓето, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека истата нема да настапи, на начин што кога дошол пред крстосницата со бул.„Св.Климент Охридски“ на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци-семафори, кои во времето на незгодата работеле исправно на програм и сообраќаен знак - Забрането свртување во лево поставен на левата страна од булеварот, постапил спротивно на чл.17 ст.1 и чл.228 ст.1 од ЗБСП, со тоа што не постапил во согласнот со поставениот сообраќаен знак и со возилото свртел лево на запалено зелено светло на семафорот без да ги пропушти возилата кои се движеле од спротивната насока и на крстосницата го задржувале правецот на движење, при тоа возилото го управувал под дејство на алокохол со концентрација од 0,84 грам промили алкохол во крвта, поради што со предниот дел од возилото кое го управувал удрил во предниот лев дел од ПМВ „М.“ ..., управувано од оштетениот - сега покојниот А.Д., кој со возилото се движел по средната сообраќајна лента од бул.„Илинден“ во насока од исток кон запад на запалено зелено светло на семафорот задржувајќи го правецот на движење, од кој удар со телесни повреди

се задобиле сопатниците во возилото „Ф.С.“ оштетените Д.В. изразени во вид на набиеница на главата со гребаници на кожата, набиеници на двете колена, оштетениот М.Д. изразени во вид на набиеница на главата, раскинувачко-нагмечна рана на десната подколеница, а сега покојниот А.Д. се задобил со тешки телесни повреди изразени во вид на хеморагичен шок кој предизвикал пореметување и престанок на работа на важни витални органи, како резултат на кои повреди починал истиот ден.

Со горните дејствија обвинетиот Дејан Јанковски сторил кривично дело - Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од Кривичниот законик, па согласно цитираните членови и чл.3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 39, 40 и 41 од КЗ судот обвинетиот го

**О С У Д У В А**
**НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 9 – ДЕВЕТ МЕСЕЦИ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот Дејан Јанковски, согласно чл.102 и 105 од ЗКП, да плати кривичен судски паушал во износ од 3.000,00 денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1 С., депонент НБРМ, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 22.400,00 денари од кои 1.500,00 денари на име трошоци за увид, превозни и други трошоци за службени лица, 6.500,00 денари на име трошоци за изработка на писмен наод и мислење – сообраќајно техничко вештачење СВ-09-09/17, како и износ од 14.440,00 денари кои се однесуваат на трошоци за застапување на полномошникот на законскиот застапник на оштетениот, сега покојниот А.Д., адвокат Ванчо Митев од С., се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**О б р а з л о ж е н и е**

ОЈО С. до овој суд поднесе обвинителен предлог на ОЈО С. КО 4 бр.777/16 од 11.12.2017 година, против обвинетиот Дејан Јанковски од К.П., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од Кривичниот законик.

Во завршен збор застапникот на обвинението остана во целост кон поднесениот обвинителен предлог против обвинетиот Дејан Јанковски од К.П., за сторено кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од Кривичниот законик, и предложи судот обвинетиот да го огласи виновен и да му изрече кривична санкција согласно законот со која ќе бидат постигнати целите на казнувањето, притоа земајќи ги предвид отежителните и олеснителните околности предвидени во чл.39 од КЗ.

Полномошникот на законскиот застапник на оштетениот, сега покоен А.Д.,

неговата мајка С.Д., адвокат Ванчо Митев од С., во завршен збор наведе дека се приклучува кон завршниот збор од страна на јавниот обвинител и се приклучува кон кривичното гонење на обвинетиот и бара судот истиот да го огласи за виновен и да го казни адекватно на степенот на неговата вина и на трагичната последица. Имотно-правно побарување не предјави, побара трошоци по трошковник на АТ.

Законскиот застапник на оштетениот, сега покоен А.Д., мајката С.Д. во завршен збор побара од судот правдата да биде задоволена.

Бранителот на обвинетиот, адвокат Влатко Стојанов од С. во завршен збор наведе дека на главната расправа обвинетиот Дејан Јанковски се изјаснил за виновен за несреќниот настан кој се случил на 19.06.2016 година, од тој ден не само што е згаснат еден млад живот туку е уништен и животот на обвинетиот Дејан. Неговиот морал и неговото огромно жалење кон семејството на починатиот А.Д. доведе до тоа да го каже пред сите она што ќе го прогонува цел живот. Дејан Јанковски е млад човек со сериозно психичко заболување за што бранителот достави доказ - извештај на специјалистот- субспецијалистот, психијатар Д-р С.Г, со утврдена дијагноза, пострауматско стресно расројство и умерена депресивна епизода од 08.11.2017 година, кое психичко заболување е резултат на тој настан кој во корен го промени неговиот живот. Од страна на фамилијата на обвинетиот се направени неколку обиди да се исконтактира и да изрази сочувство према фамилијата на оштетните, но тоа од нивна страна било одбиено. Затоа го замоли судот, при одмерување на казната да има предвид дека од настанот Дејан Јанковски го прекинал своето вработување, во состојба за основна егзистенција да очекува помош од неговата фамилија, но најмногу од се по тој настан со особен напор се труди да го поднесе секој ден.

Обвинетиот Дејан Јанковски во завршен збор наведе дека искрено жали за несреќната случка, кога би можел да го врати времето наместо починатиот, тој да биде на негово место, да не стои тука пред судот, искрено жали за случката.

На одржана главна расправа по изјаснувањето на обвинетиот за виновен, откако судот утврди дека признанието на обвинетиот е доброволно и дека обвинетиот е свесен за правните последици од признанието на вината, за последиците сврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка, во рамки на доказната постапка ги дозволи и изведе доказите, кои се однесуваат на одлуката за кривична санкција, бидејќи во списите не беше доставен доказ, во интерес на ефикасноста на кривичната постапка се обрати до раководителот на Одделението за казнена и кривична евиденција при Основниот суд Скопје I С., Р.Д. од кого доби известување дека обвинетиот Дејан Јанковски не евидира во казнената и кривичната евиденција на судот.

При одмерување на видот и висината на кривичната санкција, судот ги ценеше сите околности предвидени во чл.39 и чл.40 ст.2 од КЗ, па како отежнувачки околности ги зеде предвид природата, карактерот и тежината на кривичното дело, зачестеноста на овој вид кривични дела, степенот на кривичната одговорност, последицата која настанала од извршувањето на

делото, а тоа е загубата на еден млад човечки живот. Како олеснителни околности судот ги ценеше и ги зеде во предвид возраста на обвинетиот, кој е роден .... година, неговата семејна и материјална состојба, истиот нема оформено семејство и е невработен, околноста дека обвинетиот го призна сторувањето на делото и допринесе за правилно утврдување на фактичката состојба, коректното однесување на обвинетиот пред судот, неговото искрено каење и жалење за настанот, последиците кои ги има обвинетиот, односно дека овој настан и сликата која му останала ќе му биде најголема казна во животот, како и околноста дека законскиот застапник на оштетениот не предјави имотно-правно побарување. Имајќи ги предвид сите овие околности, судот обвинетиот го огласи за виновен и го осуди како во изреката на пресудата, очекувајќи дека со вака одмерена кривична санкција ќе се постигнат целите на казнувањето како на план на специјалната превенција така и на план на генералната превенција согласно чл.32 од КЗ.

Бидејќи обвинетиот е огласен виновен, судот го задолжи истиот согласно чл.102 и 105 од ЗКП, да плати судски паушал во износ од 3.000,00 денари на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1 С., депонент НБРМ, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 22.400,00 денари од кои 1.500,00 денари на име трошоци за увид, превозни и други трошоци за службени лица, 6.500,00 денари на име трошоци за изработка на писмен наод и мислење – сообраќајно техничко вештачење СВ-09-09/17, како и износ од 14.440,00 денари кои се однесуваат на трошоци за застапување на полномошникот на законскиот застапник на оштетениот, сега покојниот А.Д., адвокат Ванчо Митев од С., по трошковник од 07.03.2017 година, од кои за состав на полномошно износ од 1.300,00 денари, за застапување на ден 06.03.2018 година износ од 10.920,00 денари со 18% ДДВ во износ од 2.200,00 денари, се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**
**V К.бр.32/18 од 06.03.2018 година**

| Записничар | Судија |
|---|---|
| Билјана Трајкова | Оља Ристова |

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд С..

**ДН:**

- ЈО од ОЈО
- обвинет Дејан Јанковски од К.П., ул.“....“ бр....
- бранител на обвинетиот, адвокат Влатко Стојанов од С. - адвокат Ванчо Митев, полномошник на законскиот застапник на оштетениот, сега покоен А.Д., мајката С.Д.

- законски застапник на оштетениот, сега покоен А.Д., мајката С.Д.